Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управата ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02 и 82/08), член 54 од Законот за ученичкиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/05 и 117/08) и Решение бр. 16-8065/1 од 24.10.2008 година, Министерството за образование и наука, распишува

# КОНКУРС

**за доделување на стипендии на талентирани ученици од јавните и приватните средни училишта во Република Македонија за учебната 2008/09 година**

Министерството за образование и наука за учебната 2008/2009 година ќе додели 500 (петстотини) стипендии за талентирани ученици од јавните и приватните средни училишта во Република Македонија.

## I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на стипендија имаат кандидатите кои учат во јавните и приватните средни училишта во Република Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

1. Редовни ученици од I година, кои во периодот од 2004-2008 година освоиле најмалку две награди за освоено I, II или III место на меѓународен натпревар или на државен натпревар од областа на науката, техниката, културата, уметноста и спортот, соодветни на струката или дисциплината што ја изучува ученикот во средното училиште.
2. Редовни ученици од II, III и IV година, кои во периодот од 2007-2008 година освоиле диплома за поединечно освоено I, II или III место на меѓународен натпревар или на државен натпревар од областа на науката, техниката, културата, уметноста и спортот, соодветни на струката или дисциплината што ја изучува ученикот во средното училиште.
3. Да имаат постигнат континуиран одличен успех во досегашното образование од најмалку 4,5;
4. Да не повторувале година во текот на образованието;
5. Да не се корисници на стипендија од други институции или фирми;
6. Да се државјани на Република Македонија.

Критериуми за доделување на стипендиите се континуиран одличен успех остварен во текот на школувањето и освоената награда на државни или меѓународни натпревари, при што од критериумот одличен успех остварен во текот на школувањето може да се добие најмногу 30 бодови, а од освоените награди најмногу 70 бодови.

## II. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Учениците кои се пријавуваат по конкурсот, треба да пополнат електронска пријава поставена на интернет порталот http://www.raspredelba.gov.mk, почнувајќи од 01.11.2008 година до 13.11.2008 година.

Прелиминарниот список ќе се објави на 17.11.2008 година на интернет порталот http://www.raspredelba.gov.mk,

Приговор по објавените резултати се доставува до министерството од 18.11.2008-24.11.2008 година.

Конечниот список ќе биде објавен на 29.11.2008 година на интернет порталот http://www.raspredelba.gov.mk,

## III. МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Учениците, кои ги исполнуваат условите по конкурсот и се избрани на прелиминарниот список, потребно е до Министерството за образование и наука, ул.Пролет бр.1 – Скопје, од 18.11.2008-24.11.2008 година да ги достават следните документи:

1. Потврда дека е редовен ученик во учебната 2008/2009 година;
2. Заверени фотокопии од свидетелствата за завршени претходни години на образованието;
3. Оригинал диплома на увид и заверена фотокопија на нотар за освоено награда на државни или меѓународни натпревари;
4. Изјава дека кандидатот не е корисник на друга стипендија или кредит;
5. Изјава дека доставените документи се вистинити, и податоците се идентични со оние податоци внесени во електронската пријава;
6. Уверение за државјанство на Република Македонија.

**Документите на кандидатите кои се некомплетни, неблаговремено доставени согласно конкурсните рокови и не се идентични со податоците кои се внесени во електронската пријава, нема да бидат разгледувани.**

## IV. ВИСИНА НА СТИПЕНДИИТЕ

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.200,00 денари месечно за девет месеци во текот на учебната година.